# ЃОРЃИЕВ

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА—СКОПЈЕ

ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ

# ВАНЧО ЃОРЃИЕВ

2 — 15 XI 1970

## ЧЕКОР ВО ПРОСТОРОТ

Свет затворен во рамки. До кај допираат неговите простори и завршуваат ли таму кај што про'ртува претставата за непознатото или почнуваат со неоткриените тајни на она што било и што ќе е?

И самите фигури на овие платна стојат пред еден непознат чин. Можеби завршила нивната молитва кон еден бог, кон едно г о л е м о  н и ш т о, што е внатре во нив и околу нив, во каменот и во виножитата, искршени и испреплеткани, скоро материјализирани. Можеби таа молитва трае, можеби штотуку почнала. Околу фигурите, околу тој свет на зачудени осаменици, како прикаска на нивната разбуричкана психа, во допир се, во некакво библиско единство, лавини и песоци, шурки на небо и камења, оморини и градови на минатото. Амбиентот, колоритен и функционален, сценски колку што е и самиот живот сцена, навистина како да избива од драматиката на ликовите. Експресијата на овие обични раскази, чиј почеток и крај веќе не е важен, навистина има корен во некои далечно минато. Неговите цветови проистекнуваат негде од половина пат од ладењето на планетата и стасуваат до нас. Тоа е миг на едно брзо сфаќање. Следната импресија е поинаква. Планетата е осиромашена со бројност, живите се зачудена осаменост на овој свет. И самата загатка, доколку има загатка, е брза: што се случило или што ќе се случи во имагинарниот свет на сликарот, тих мајстор на едноставни реченици со прикриени и сепак спонтани акценти на магија во реалистичниот третман, повеќе како индивидуалност на духот отколку како отуѓеност.

Точно таа индивидуалност, скромност и непресметливост во менанџерските продори кон галериии и пседвопат ронатските установи, го одвоила сликарот од примамливи примки , од кланови и плитки заштитници. Зашто и неговата генерација го познава осаменото и вистинското творештво, тие чинки што исклучиво ѝ припаѓаат на трајноста. Затоа, на овој негов ден, додека му пристапуваме искрено, се обидуваме да го осознаеме кажаното за неговите слики со петврда (Ванчо Георгиевски е име што е составен дел на нашата општа современа култура) и со слободна претпоставка (неговото идно сликарство ќе ги доoткрие надреалистичките елементи што засега се претчувствуваат само како припокриена јатка на нешто што подоцна ќе жугне). Сепак типувањето е едно, патот на уметникот друго. Ни останува да бидеме стрпливи, колку што е стрплив и смирен и самиот сликар. Тој со овие платна ни нуди дел на својот живот, на своето творештво, на своите поетски опсеси. И ние го прифаќаме; зашто стануваме побогати за уште еден ден што не оделил од секојдневноста на нашето суштествување.

*Славко Јаневски*

Роден 1924 во Скопје. Дипломирал на Академија за ликовни уметности во Белград 1952 год. Учествувал на на сите изложби на ДЛУМ и групата „Мугри“

Награди:

Октомриска награда за сликарство 1966

Самостојни изложби:

1958 Скопје

1966 Скопје
Нови Сад, со Б. Митриќески

Групни изложеби:

1955 Љубљана, II изложба на југославенска уметност

1959 Виена, VII младински фестивал

1961 Белград, I триенале

1962 Дижон, Македонска современа уметност
Охрид, Изложба на петмина македонски ликовни уметници
Белград, „Ѓорѓиев, Куноски, Мазев, Митриќески“ во Домот на ЈНА

1964 Братфорд, Лондон, Современа македонска уметност
Белград, II триенале

1965 Скопје, Современа македонска уметност
Охрид, Изложба на десет македонски уметници

1966 Задар, Плави салон

1967 Белград, III триенале
Париз, Есенски салон

1969 Ферара, Македонска современа уметност
Чиле, Југословенска графика
Словењ Градец, Ангажирана уметност во Југославија 1919/1969
Белград, Сараево, Загреб, Современа македонска уметност
Скопје, 25 години АСНОМ

1970 Скопје, Моето сакано дело



ОРФЕЈ



СТВАРНОСТ И СОН



МАНЕКЕН НА ПЛОЧНИК



АПАТИЈА



ФИГУРА И ЦРНА РИБА

УТРО





ФАМИЛИЈА

## К А Т А Л О Г

1. МАНЕКЕН НА ПЛОЧНИК, 1967, масло на платно, 121 × 147 см, сигн. дд: Ванчо
2. ЗАЕДНО ВО ПРОСТОРОТ, 1967, масло на платно, 116 × 89,5 см, сигн. дд: Ванчо
3. МАНЕКЕН И МАСКА, 1967, масло на платно, 103 × 90 см, сигн. дд: Ванчо
4. МЕЛАНХОЛИЈА, 1968, масло на платно, 90 × 74 см, сигн. дд: Ванчо
5. ВЕТЕР, 1969, масло на платно, 103 × 90,5 см, сигн. дд: Ванчо
6. ПЕСМА НА МРТВИТЕ, 1968, масло на платно, 103 × 89,5 см, сигн. дд: Ванчо
7. ТРАГИ ОД ВОЈНАТА, 1969, масло на платно, 104 × 89 см, сигн. дд: Ванчо
8. АПАТИЈА, 1969, масло на платно, 103 × 90 см, сигн. дд: Ванчо
9. КОСТУР НА РИБА, 1965 масло на платно, 60 Х7 1 см. сигн. дд: Ванчо
10. БОРЕЦ И ДЕТЕ, 1969, масло на платно, 90 × 103 см, сигн. дд: Ванчо
11. МАНЕКЕН ВО ВОДА, 1967, масло на платно, 89,5 × 116 см, сиггн. дд: Ванчо
12. ВРЕЛ ГРАД, 1968, масло на платно, 70 × 102,5 см, сигн. дд: Ванчо

13. ВЗАЛУДНО ЧЕКАЊЕ, 1968, масло на платно, 67,5 × 80 см, сигн. дд: Ванчо
14. ДЕВАЈКА ШТО СЕДИ, 1967, масло на платно, 103 × 90 см, сигн. дд: Ванчо
15. ФИГУРИ, 1969, масло на платно, 69 × 47 см, сигн. дд: Ванчо
16. БЕЛА КУКЛА, 1966, масло на платно, 75 × 90 см, сигн. дд: Ванчо
17. ФАМИЛИЈА, 1969, масло на платно, 90 × 103 см, сигн. дд: Ванчо
18. ОРФЕЈ, 1968, масло на платно, 129,5 × 110,5 см, сигн. дд: Ванчо
19. УТРО, 1970, масло на платно, 140 × 116 см, сигн. дд: Ванчо
20. ВЕЧЕР, 1970, масло на платно, 90 × 103 см, сигн. дд: Ванчо
21. ДЕВОЈКА ВО ПРОСТОР, 1970, масло на платно, 75 × 90 см, сигн. дд: Ванчо
22. ГЛАВА И КОСТУР НА РИБА, 1970, масло на платно, 78 × 67,5 см, сигн. дд: Ванчо
23. НЕОДРЕДЕН ПРОСТОР, 1970, масло на платно, 80 × 68 см, сигн. дд: Ванчо
24. ФИГУРА И ЦРНА РИБА, 1969, масло на платно, 68 × 80 см, сигн. дд: Ванчо
25. МЕДИТИРАЊЕ, 1970, масло на платно, 90 × 103 см, сигн. дд: Ванчо
26. ДВЕ ФИГУРИ ВО БЕЛО, 1970, масло на платно, 105,5 × 90 см, сигн. дд: Ванчо
27. СТВАРНОСТ И СОН, 1970, масло на платно, 116 × 140 см, сигн. дд: Ванчо
28. САМИ СЕБЕ ПРОНАЈДЕНИ, 1970, масло на платно, 116 × 140 см, сигн. дд: Ванчо
29. ДЕВОЈКА-СТУДИЈА, 1970, креда, 63 × 59,5 см, сигн. дд: Ванчо
30. АКТ, 1966, туш, 61 × 44 см, сигн. дд: Ванчо
31. СТУДИЈА, 1970, гваш, 47,5 × 41 см, сигн. дд: Ванчо
32. ПРЕД ПРОЗОРЕЦ, 1961, линорез, 43 × 34 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
33. РАСПОЛОЖЕНИЕ, 1966, линорез, 46 × 39 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
34. ВЕЧЕРНО РАСПОЛОЖЕНИЕ, 1967, линорез, 38 × 36 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
35. ФИГУРА, 1967, линорез, 44 × 31 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
36. ВИЗИЈА, 1969, линорез, 33 × 43 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
37. ЖЕНА ШТО СЕДИ, 1970, линорез, 62 × 49,5 см, сигн. дд: Ванчо Ѓеоргиев
38. РАЗМИСЛУВАЊЕ, 1970. линорез, 49 × 62 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
39. ХИПИК, 1970, линорез, 71 × 58,5 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев
40. КОМПОЗИЦИЈА, 1970, линорез, 71 × 58 см, сигн. дд: Ванчо Ѓоргиев

Печатено во графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје